ЗЕМЈОДЕЛСКИ КОМБИНАТ „ПЕЛАГОНИЈА“ АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО Бр. 01-36 08.01.2016 год. БИТОЛА

Врз основа на член 70 став 3 алинеја 18, а во врска со член 93 од Статутот на ЗК "Пелагонија" АД – Битола – Пречистен текст, член 385 ставови 1 и 2 и член 387 од Законот за трговските друштва, и Одлуката донесена на ден 29.12.2015 година од Одборот на директори на ЗК "Пелагонија" ад - Битола,

**ЗЕМЈОДЕЛСКИОТ КОМБИНАТ "ПЕЛАГОНИЈА" АД БИТОЛА**

**О Б Ј А В У В А**

**ЈАВЕН ПОВИК**
**ЗА СВИКУВАЊЕ СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**

Собранието на акционери на ЗК "Пелагонија" АД Битола ќе се одржи на ден **03.02.2016 година (среда), со почеток во 12 часот во просториите на Друштвото во Новаци - Новачки пат**.

За работа на седницата на Собранието се предлага следниот

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

I. **ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ**

**1.** Отворање на Собранието на акционери
**2.** Констатирање на кворум за работа на Собранието
**3.** Избор на претседавач на Собранието.
4. Избор на записничар и 2 заверувачи на записникот.
**5.** Избор на 2 бројачи на гласови.

II. **РАБОТЕН ДЕЛ**

-Усвојување на Записникот од седницата на Собранието на акционери на ЗК "Пелагонија"АД Битола одржана на ден **29.06.2015 година.**

**1. Донесување на одлуки за одобрување на зделки со заинтересирани страни** со
- Мислење од Одбор на директори и Предлог-одлуки за усвојување

Се повикуваат акционерите на ЗК "Пелагонија" АД Битола, односно нивни полномошници да присуствуваат и учествуваат во работата на собранието на акционери.

Право на учество и глас на собранието имаат акционери кои поседуваат акции со право на глас запишани во акционерската книга на ЗК "Пелагонија" АД – Битола што се води во ЦДХВ, односно нивни полномошници.

Пријавувањето за присуство на седницата на собранието се врши со пријава за учество на собранието, која е достапна на интернет страница на Друштвото www.zkpelagonija.mk а се поднесува најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното собрание.

Акционер може да овласти со полномошно друго лице како свој полномошник на седницата на собранието на Друштвото, коешто ќе учествува и ќе гласа на седницата на собранието во негово име. Акционерот треба веднаш писмено или електронски да го извести Друштвото за секое полномошно дадено во писмена форма. Податоците за начинот на известувања за полномошна и обрасците за гласање преку полномошник се достапни на

официјалната интернет страница на Друштвото www.zkpelagonija.mk. Акционерот кој нема да го извести Друштвото за даденото полномошно ќе се смета дека не го дал полномошното.

Акционери кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас можат да предложат дополнување на дневниот ред со барање за вклучување нови точки ако истовремено приложат и образложение за предложената точка за дополнување на дневниот ред или ако предложат одлука по предложената точка.

Акционери кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас имаат право по писмен пат да предложат за усвојување одлуки по секоја од точките кои се вклучени или ќе бидат вклучени во дневниот ред на седницата на собранието на Друштвото.

Секој акционер има право да поставува прашања по секоја од точките од дневниот ред на седницата на собранието на Друштвото.

Акцонерите можат да достават предлози за вклучување на нови точки во дневниот ред, предлози на одлуки за усвојување и прашања во рок од 8 дена од денот на објавувањето на јавниот повик за одржување на седницата на собранието.

Подетални информации за начинот на предлагање на точки на дневниот ред, предлагање одлуки за усвојување од страна на акционерите и поставување прашања, може да се најдат на официјалната интернет страница на Друштвото www.zkpelagonija.mk

Собранието ќе одлучува само за прашања кои се уредно ставени на дневен ред согласно Статутот на Друштвото и Законот за трговските друштва.

Материјалите со дневниот ред што се подготвени за собранието им се достапни на акционерите, односно нивните полномошници секој ден од денот на објавувањето на јавниот повик во простории на Друштвото на ул. "Новачки пат" бр.11 во Битола од 9 до 14 часот и на официјалната интернет страница на Друштвото www.zkpelagonija.mk

ЗК "ПЕЛАГОНИЈА" ад - БИТОЛА